Бр: 03-13/2
Скопје: 07.02.24

Врз основа на член 28 став (5) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 07.02.2024 година го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа Предлог – Законот за изменување на Законот за спорт, доставен од страна на Министерството за правда, под број 21-3007/2 од 26.12.2023 година (Наш бр. 03-13/1 од 09.01.2024 година) и по однос на истиот го наведува следното:

Комисијата за заштита на конкуренцијата смета дека во членовите 1, 2, 4 и 5 од Предлог – Законот за изменување на Законот за спорт треба да се избрише делот **„согласно Законот за контрола на државната помош„** на сите места каде што се појавува, од причина што не е јасно на кој дел од Законот за контрола на државната помош се однесува ова повикување.

Во членот 1 од Предлог – Законот за изменување на Законот за спорт во реченицата од дел од третиот пасус кој гласи: **„спортисти можат да добијат субвенции од областа на спортот само еднаш“** треба да се додаде временскиот термин за кој може да се добијат субвенциите.

Законот за контрола на државна помош не го регулира доделувањето на државната помош во областа на спортот. Во овој случај се применува членот 3 став 3 од Законот за контрола на државна помош каде се применуваат критериумите кои произлегуват од правилната примена на правилата за државна помош од Европската унија.

Поради ова, Комисијата за заштита на конкуренцијата се повикува на членот 107 став 3 точка (в) од Договорот за функционирање на Европската унија кој гласи: Следните видови на помош може да се сметаат како компатибилни со внатрешниот пазар: ... „помош за олеснување на развојот на одредени економски области, доколку таа помош не влијае негативно на трговските услови до степен што е во спротивност со заедничкиот интерес“.

Притоа, Комисијата за заштита на конкуренцијата го зема предвид и членот 165 од Договорот за функционирање на Европската унија кој гласи: „Унијата ќе придонесе за промовирање на спортот во Европа, притоа земајќи ја предвид неговата специфична природа, неговата структура заснована на волонтерската активност, како и на неговата социјална и образовна функција„.

Воедно, Комисијата за заштита на конкуренцијата се повикува и на Одлуката на Европската комисија број SA.31722 од 9 ноември 2011 година, со која ја одобрува шемата за доделување на 60 милиони евра годишна помош од страна на Унгарија за подобрување на унгарската спортска инфраструктура, при што се потенцира јавниот интерес, но и осигурувањето на доволно заштитни

мерки за да се сведат на минимум потенцијалните нарушувања на конкуренцијата помеѓу професионалните клубови.

Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува на Министерството за правда, дека Агенцијата за млади и спорт има обврска, како давател на државна помош овластен од страна на Владата, после усогласувањето на текстот на Предлог на Законот за изменување на Законот за спорт според наведените забелешки во ова Мислење, треба да постапи согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош и да достави известување заедно со финалната верзија од Предлог на Законот за изменување на Законот за спорт, со цел истиот да се разгледува и оценува од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата со донесување на соодветно решение.

Известувањето за планирано доделување помош треба да се достави на Образецот даден во Прилог I од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („ Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/11).

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Ана Николоска**